**20220911099**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 април 2022 година донесе

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат интервентни мерки за финансиска поддршка во земјоделството за ублажување на последици предизвикани од зголемувањето на производните трошоци за производство на земјоделски култури, преку Интервентниот фонд за земјоделството.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во износ од 400.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.287/21), Раздел 140.04 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 21 - Интервентен фонд за земјоделството, ставка 464 - Разни трансфери ќе се користат за следните интервентни мерки:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во поледелското производство | 210.000.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во сточарското производство | 190.000.000,00 |
| Вкупно | | 400.000.000,00 |

II

(1) Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 1 „Финансиска поддршка во поледелското производство“ во износ од 210.000.000 денари се наменети за реализација на следните подмерки:

| 1. | Финансиска поддршка во поледелското производство | |
|---|---|---|
| Бр. на подмерка | Име на подмерката | Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка |
| 1.1. | Финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубриња во производството на пченица, јачмен, пченка и сончоглед | 1. Корисници на оваа подмерка се:<br>- земјоделски стопанства кои во производната 2021/2022 година имаат засеани површини со пченица, јачмен и пченка како и имаат набавено вештачки ѓубриња за прихрана на посевите во период од 1 декември 2021 година до 31 мај 2022 година,<br><br>- земјоделски стопанства кои во производната 2022 година имаат засеани површини со сончогледи имаат набавено вештачки ѓубриња во период 1 декември 2021 година до 31 мај 2022 година,<br>- земјоделски стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија кои во производната 2021/2022 година имаат засеани површини со пченица и јачмен за производство на сертифициран семенски материјал и имаат набавено вештачки ѓубриња за прихрана на посевите во период од 1 декември 2021 до 30 јуни 2022 година.<br>2.Висината на финансиската поддршка изнесува:<br>-4.000 денари по хектар за трошок за набавка на вештачки ѓубриња и тоа во количина најмалку од 200 килограми по хектар за пченица ипченка,<br>- 2500 денари по хектар за трошок за набавка на вештачки ѓубриња и тоа во количина најмалку од 200 килограми по хектар за јачмен и<br>-2.500 денари по хектар за трошок за набавка на вештачки ѓубриња и тоа во количина најмалку 100 килограми по хектар за сончоглед или<br>- 400 денари по хектар за трошок за набавка на течни фолијарни ѓубриња и тоа во количина најмалку од 6 литри по хектар за пченица, јачмен, пченка и сончоглед. |

III

(1) Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 2 „Финансиска поддршка во сточарското производство“ од оваа програма во износ од 190.000.000 денари се наменети за реализација на следните подмерки:

| 2. | Финансиска поддршка во сточарското производство | |
|---|---|---|
| Бр. на подмерка | Име на подмерката | Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка |
| 2.1. | Финансиска поддршка за предадено јагне во регистриран кланичен капацитет | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои имаат предадено јагне во регистриран кланичен капацитет во периодот од 1 јануари 2022 до 31 мај 2022 година.<br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува 400 денари по грло за предадено јагне во регистриран кланичен капацитет. |
| 2.2. | Финансиска поддршка за одгледани и заклани гоеници во регистриран кланичен капацитет | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледале и продале или заклале најмалку пет гоеници предадени во кланични капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, во периодот од 1 февруари 2022 година до 30 април 2022 година.<br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува 1.500 денари по грло за гоеници со тежина над 90 килограми. |
| 2.3. | Финансиска поддршка за одгледување на кокошки несилки | 1.Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства – производители на конзумни јајца кои се запишани во Регистарот на одгледувалишта на животни.<br>2.Висината на поддршката изнесува 60 денари по несилка која се наоѓа на одгледувалиштето и е на возраст за производство на конзумни јајца. |

IV

(1) Финансиската поддршка од делот II став (1) подмерка 1.1. „Финансиска поддршка за направени трошоци за набавка на вештачки ѓубриња во производството на пченица, јачмен, пченка и сончоглед“ ќе се врши врз основа на поднесени барања и доставени докази за набавено вештачко ѓубре, најдоцна до 31 мај 2022 година.

(2) Во прилог на барањето од став (1) на овој дел за финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубриња во производството на пченица, јачмен и пченка, барателот ги доставува и следните документи:

- Фискална сметка со пропратен документ за идентификација за припадноста на фискалната сметка (сметкопотврда или испратница) каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри или

- Фактура со испратница каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри вклучително и доказ за извршено плаќање по фактура или Договор склучен помеѓу барателот и продавачот на ѓубре за начинот на плаќање на фактурата.

Во прилог на барањето за финансиска поддршка за трошоци за набавка на вештачки ѓубриња во производството на сончоглед, барателот ги доставува и следните документи:

- Договор за откуп на сончоглед склучен помеѓу барателот и откупувачот запишан во Регистарот на откупувачи кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, фактура со наведено одложено плаќање и испратница каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри и Договор склучен помеѓу барателот и продавачот на ѓубре за начинот на плаќање на фактурата или

- Договор за откуп на сончоглед склучен помеѓу барателот и откупувачот запишан во Регистарот на откупувачи кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,фискална сметка со пропратен документ за идентификација за припадноста на фискалната сметка (сметкопотврда или испратница) каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри или

- Договор за откуп на сончоглед склучен помеѓу барателот и откупувачот запишан во Регистарот на откупувачи кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, фактура со испратница каде е назначен видот на вештачкото ѓубре и количината изразена во килограми/литри вклучително и доказ за извршено плаќање по фактура: уплатница или извод од банка.

(3) Административните проверки и контроли потребни за реализација на финансиската поддршка од делот II став (1) подмерка 1.1. „Финансиска поддршка за направени трошоци за набавка на вештачки ѓубриња во производството на пченица, јачмен, пченка и сончоглед“ се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(4) Финансиската поддршка од делот I став (2) мерка 2 „Финансиска поддршка во сточарското производство“ ќе се врши на следниот начин:

- за подмерката 2.1. од оваа програма реализацијата ќе се врши врз основа на податоци за предадени и заклани грла јагниња за период од 1 јануари 2022 до 31 мај 2022 година кои до Агенцијата ќе ги достават регистрираните кланични капацитети во Република Северна Македонија до 15 јуни 2022 година,

- за подмерката 2.2. од оваа програма реализацијата ќе се врши врз основа на податоци за предадени и заклани грла гоеници за период од 1 февруари 2022 година до 30 април 2022 година кои до Агенцијата ќе ги достават регистрираните кланични капацитети во Република Северна Македонија до 15 мај 2022 година и

- за подмерката 2.3. од оваа програма ќе се врши врз основа на поднесени барања и доставен документ издаден од официјален ветеринар за бројната состојба на несилки на денот на извршена контрола од страна на официјален ветеринар во период од 7 до 15 април 2022 година, кои се наоѓаат на одгледувалиштето на барателот и се на возраст за производство на конзумни јајца, најдоцна до 30 април 2022 година.

(5) Регистрираните кланични капацитети во Република Северна Македонија, потребните податоци за реализирање на финансиската поддршка од оваа програма, на барање на Агенцијата ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

V

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на Агенцијата, најдоцна до 31 јули 2022 година.

VI

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

VII

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 декември 2022 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за спроведување на интервентниот фонд во земјоделството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/22).

IX

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3161/1
5 април 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.